АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# INFORMATOR

БРОЈ 64 Септември 2007

## ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА АДВОКАТИ СПОРЕД ЕВРОПСКАТА ДИРЕКТИВА

Имајќи ги во предвид Европските Директиви, со кои како европски стандард се воведува задолжително осигурување од одговорност на адвокатите што е имплементирано во член 40 од Законот за адвокатура и измените на Статутот на Адвокатска комора на Република Македонија, а од причина што доцниме со примена на оваа законска одредба, секој адвокат индивидуално, најитно мора да потпише договор за осигурување од одговорност, најдоцна до 15 октомври 2007 година.

Во голем број адвокатски канцеларии стигнуваат повеќе понуди од осигурителни компании кои ствараат забуни помеѓу адвокатите. Адвокатската комора на Република Македонија при разгледувањето на понудите и одржувањето на интервјуа со овластените претставници на осигурителните компании, а имајќи ги во предвид правилата, тарифите и цените на осигурителните полиси, ја прифати понудата на Еуролинк Осигурување АД Скопје како најповолна со загарантирани правила, тарифа и цена. Адвокатската комора на Република Македонија потпиша договор за соработка со Еуролинк Осигурување АД Скопје со кој се утврдени правилата и тарифите, кои се еднакви за сите членови на комората, и со сите бенефиции и за другите видови на осигурување како што Ве информиравме и во минатиот број на Информатор.

Адвокатската комора на Република Македонија, се оградува од оние услови кои ги нудат другите осигурителни комапнии, кои на средбите со претставници на АКРМ доставија понеповолни услови, правила и цени од избранта понуда.

Имајќи го сето ова во предвид, Адвокатската комора на Република Македонија ја избра понудата на Еуролинк Осигурување АД Скопје, и ***препорачуваме а не обврзуваме*** да склучите договор со оваа осигурителна компанија која ги понуди најдобрите услови и бенефиции, во директен контакт со компанијата.

Напоменуваме до сите колеги, кои по свој избор можат да изберат осигурителна компанија, да покрај гола понуда со цена, особено ги земат во предвид правилата и тарифата за да немаат некоја последица по нив од такви непроверени услови.

Адвокатската комора на Република Македонија не стои зад условите кои ќе ги понудат другите осигурителни компании кои АКРМ не ги договорила.

## СРЕДБА СО Г-ѓа ХИНА ЏИЛАНИ
## Специјален претставник на Генералниот Секретар на ОН

По остварените средби со највисоките државни институции на специјалниот претставник на Генералниот Секретар на Обединетите Нации, Г-ѓа Хина Џилани, по вторпат беше остварена средбата со претседателот на Управниот Одбор на АКРМ, Г-дин Ненад Јаниќевиќ, стана збор за состојбата во која се наоѓа адвокатската професија во Република Македонија. Меѓу другото, особено внимание Г-ѓа Џилани посвети на проектот за Бесплатна правна помош кој го спроведува Адвокатската комора на РМ.

Во своите искажувања, претседателот на УО на АКРМ потенцираше дека без здрава адвокатура која во своето делување ќе биде неприкосновена и заштитена од надриписарството, без задолжителна правна помош од страна на адвокатите неможе да стане збор за подигање на нивото на заштита на човековите права што всушност е главната задача и обврска на државава согласно на ратификуваните меѓународни договори, а зајакнатата позиција на адвокатот ќе придонесе и за ефикасноста и независноста на судството.

Во Извештајот на специјалниот пратеник на Генералниот секретар на ОН, сочинет по извршените средби со високи личности од општествениот и политичкиот живот во државава, во голем дел наводите на претседателот на УО на АКРМ беа прифатени и имплементирани што за АКРМ и за адвокатурата како професија е поттик за натамошно утврдување на нејзината местоположба.

## СЕМИНАР НА ТЕМА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ДНК



Адвокатската комора на Република Македонија со цел натамошно успешно реализирање на програмата на континуирана едукација на адвокатите, во деновите 14 и 15 септември 2007 година во хотел ,, Славија Спектар,, во Охрид одржа семинар на тема Адвокатска маркичка и адвокатска тарифа.

Модератор на семинарот за кој постоеше голем интерес беше Г-ѓа Дивна Павлоска, заменик претседател на УО и претседател на Комисијата за едукација при Адвокатска комора на РМ, а присутните учесници како и гостите од Адвокатска комора на Ниш ги поздравија Претседателот на Управниот Одбор на АКРМ, Г-дин Ненад Јаниќевиќ и Проф. Др. Денис Фарингтон, Продекан за за истражување при СЕЕ Универзитетот во Тетово,Првиот ден на семинарот беше посветен на тема Трговија со луѓе и истиот беше отворен од страна на Др. Бистра Неткова, продекан на Правниот Факултет при СЕЕ Универзитетот и Доктор по трговија со луѓе и човекови права, која во своето продавање направи осврт на Историскиот развој на трговијата со луѓе. Со своето излагање голем интерес меѓу присутните предизвика и Др. Злат Миловановиќ, Професор по меѓународно право на Факултетот за деловна економија и организациони науки кој даде поширок опсег на проблемот со трговијата со луѓе а истовремено ги запозна присутните и со предмет од Македонија. Неговото излагање беше надополнето од страна на Претседателот на Основниот Суд Тетово, Г-дин Џемајли Арифи, кој даде практичен приказ на постапките и притоа особен акцент беше даден на притворот низ практиката на Основниот Суд Тетово.

Адвокатската комора на Република Македонија, со цел опфаќање на повеќе теми кои се од особен интерес за адвокатите започна и соработка со Лекарската комора на Република Македонија, која резултираше со излагања на тема ДНК за време на вториот ден од семинарот. Вториот ден на семинарот беше отворен од страна на претседателот на УО на АКРМ, Г-дин Ненад Јаниќевиќ, кој во своето излагање ја истакна улогата на адвокатот согласно меѓународните стандарди, како и во предметите за трговија со луѓе кај нас. Проф. Др. Алексеј Дума, претседател на Лекарската комора на Република Македонија во своето излагање даде вовед на ДНК во форензиката, а интересот кај присутните уште повеќе го зголеми и излагањето на Проф. Др. Биљана Јаневска, на тема Аплицирање на ДНК технологијата во форензичката практика.

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД ОДРЖАНИ РАБОТИЛНИЦИ НА ТЕМА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНЕИЈА НА ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Во рамките на Обуките за адвокати од одбраната за 2007 година што АРКМ ги спроведува со подршка на Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје, во текот на месец Септември се одржаа работилници за адвокати во врска со претстојните Измени и дополненија на Законот за кривична постапка и тоа во Штип на 18 септември, Скопје на 24 септември И Битола на 25 Септември 2007година, пришто активно учество зедоа повеќе од 150 адвокати од цела држава. Како предавачи беа ангажирани Доц. Др. Гордан Калајџиев, кој се осврна на причините и целите за претстојната реформа во казнената постапка и направи преглед на претстојните измени и дополненија на ЗКП. Во врска со новиот модел на истрага и еднаквоста на орудијата во претстојната реформа во казнената постапка излагања имаа Г-ѓа Мери Тромбева од Вишото Јавно Обвинителство во Битола и Г-дин Тодор Витларов од Штипското Обвинителство. За положбата и улогата на казнената постапка предавања одржаа и Г-дин Ненад Јаниќевиќ, Претседател на УО на АКРМ И Г-дин Васил Ѓоргиев, адвокат од Битола. По исцрпните дискусии, работна група составена од Светозар Ристески, координатор на проектот, Г-дин Зоран Петковиќ, модератор на настаните и предавачите, состави заклучоци кои би можеле да ги сублимираме како следи:

1. Адвокатурата заедно со Јавното обвинителство и судството се темелни вредности, важни чинители и гаранти за законитост во постапувањата и спроведувањето на казнената постапка, па во тој контекст мора во ЗКП да се создадат соодветни заштитни механизми за доследно спроведување на истото.
2. Почитување на начелото на легалитет, посебно од страна на Јавното обвинителство при спроведување на прогонот, согласно закон еднакво постапување спрема сите сторители на кривични дела.
3. Воведување на институт за “спогодување”, со прифаќање на вината и со можност за договарање на казната, како и воводеување на скратена постапка за багателните дела со “казнен налог”. Во спогодувањето покрај другите да учествува и оштетениот со неговиот полномошник (адвокат) по потреба.
4. Воведување на “вистинска” порота (мала и голема порота), кои би одлучувале за основаноста на обвинението, како и за утврдувањето на постоењето или непостоењето на вината.
5. Потреба од напуштање на водењето на истрага од страна на истражен судија со пренсување на истата во надлежност на Јавното Обвинителство, со воведување на институтот судија на истрагата, (судија на слободите).
6. Воведување на соодветни механизми за оневозможување на несовесност при изрекувањето на мерка притвор, т.е. обврска да мерката притвор може да се изрече само кога ќе се исполнат сите законски услови предвидени со ЗКП.
7. Воведување на инструменти за изедначување на одбраната со обвинението по принципот “еднаквост на оружјата” со овозможување:

- достапност на сите докази на одбраната, од почеток на постапката до крај (и воведување на “рочиште” за размена на докази), како и овозможување на бранителот да непречено оствари контакт со странката во секое време, без присувство на други лица.
- целосна примена и почитување на чл.72 од ЗКП, од страна на државните и други органи ( јавните овластувања на адвокатот).
- задолжително испитување на обвинетиот во текот на истрагата со задолжително присуство на неговиот бранител.
- воведување обврска да судијата на истрагата да може да му нареди на јавниот обвинител да ги превземе сите дејствија што ги предлага одбраната во корист на обвинетиот.
- начелото на “непосредност” со можност на поставување директни прашања.
- воведување на “вкрстено испитување”.

8. Воведување на обврска за водење стенографски или аудио запис на целиот тек на постапката и нивна достапност на бранителите и на странките во постапката.
9. Потреба од независност на стручните институции од страна на државата (вештачења во МВР), со нивно издвојување како посебни независни институции
10. Воведување на полесна координација помеѓу Јавниот обвинител и полицијата со обезбедување на доминатна улога на ЈО во насочување на работата на полицијата, во доменот на ингеренциите и улогата на Јавното Обвинителство.
11. Сите адвокатите согласно Законот и Кодексот и другите акти на АКРМ, се обврзани да ги истакнуваат (во корист на своите странки) во секој момент пред судот и другите надлежни органи повредите на Европската конвенција за Човекови права, како и повредите на другите законски прописи.

## ОПШТ ПОВИК

**Ве информираме дека на 25 и 26 октомври 2007 година во просториите на Факултетот за општествени науки -ФОН во Скопје, со почеток во 10.00 часот, ќе се одржат 2 еднодневни семинари кои се однесуваат на постапката пред Хашкиот Трибунал како и меѓународните стандарди за човековите права. Со оглед на фактот дека предавач ќе биде и Г-динот Мајкл Карнавас, Адвокатската комора на РМ во соработка со Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје обезбедува и превод. Намера ни е што поголем број на колеги од целата држава да ги посетат овие предавања, па затоа Ве повикуваме активно да се вклучите и да партиципирате во настаните.**

**Информации во врска со Ваше учество можете да добиете во АКРМ или на тел 070 27 91 27, е-маил svetozar@mt.net.mk**

## ЦЕНОВНИК ОД ИНСТИТУТОТ ЗА СУДСКА МЕДИЦИНА И КРИМИНАЛИСТИКА

Согласно Законот за кривична постапка адвокатот има јавни овластувања во интерес на своите клиенти да може да прибира докази за одреден предмет. Во тој контекст, по направените напори од страна на АКРМ, до Адвокатската комора на Република Македонија беше доставен Ценовник за услугите од Институтот за судска медицина и криминалистика.

Сите колеги кои се заинтересирани да го добијат овој ценовник, можат да се обратат до Адвокатска комора на Република Македонија на телефоните: 02 / 3212 452 или 02/ 3165 409, или во Институтот за судска медицина и криминалистика, на телефон 02/ 3177 044.

## АДВОКАТСКИ ТОГИ

Огромен број на колеги ги подигнаа своите адвокатски тоги и истите веќе почнаа да се носат низ судовите во Република Македонија. Адвокатските тоги, кои согласно измените и дополнувањата на Законот за адвокатура претставуваат обврска за сите адвокати, задолжително ќе се носат сметано од 1 ноември 2007 година.

За таа цел, повторно се известуваат сите членови на Адвокатска комора на Република Македонија, дека адвокатските тоги се изготвени и истите веќе се подигнуваат преку Претседателите на Адвокатските Заедници и преку Адвокатската комора на Република Македонија, за адвокатите од Скопје. За подигнување на адвокатските тоги треба да се донесе доказ за извршена уплата на 2.760 денари на следните податоци за уплата:

МАРИКС Куманово
жиро сметка : 240140000315175
ЕДБ : 4017004150745
Депонент Банка : Уни Банка

## НАСКОРО СПОРТСКИ ИГРИ

Адвокатската комора на Република Македонија повторно организира спортски игри кои ќе се одржат во периодот од 9 - 11 ноември 2007 година, во мотел Истатов, Нов Дојран, со цел продолжување на оваа манифестација и нејзино прераснување во традиција која сите со нетрпение ќе ја очекуваат.

Во моментов е во тек формирање на спортски екипи кои ќе се натпреваруваат во машки дисциплини фудбал, кошарка, пинг понг; и женски дисциплини одбојка, пинг-понг, шах, пикадо, влечење јаже и др. На адвокатските спортски игри е предвидено да земат учество 120 адвокати, односно ќе се формираат 4 екипа согласно припадноста на апелационите подрачја, такашто секоја екипа да брои по 30 учесници.

Веќе во Адвокатската комора започнаа да пристигнуваат пријави од голем број на наши колеги. Сите заинтересирани за учество на спортските игри да достават пријави со наведени дисциплини во кои сакаат да се натпреваруваат најдоцна до 15 октомври 2006 година, на телефоните на Адвокатска комора на Република Македонија: 02 / 3165-409 и 02 / 3212-452 или на е-маил: lawyermk@mba.org.mk.

***АДВОКАТСКИ КЛУБ РЕСТОРАН "НАЦИОНАЛ"***
***20 % попуст за сите членови на Адвокатска комора на РМ***
***тел. 02 / 3214 200***

***ЕУРОЛИНК***
***ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ***

**Васил Главинов 12 ТЦЦ Плаза 1ви кат,**
**1000 Скопје**
**Тел. (02) 3231 623 ; (02) 3231 623**
**Факс. (02) 3231 625**
**е-маил: eurolink@eurolink.com.mk**
**www.eurolink.com.mk**

**Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СТРУЧНА СЛУЖБА**